XXIII.К.бр.217/17

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ како првостепен кривичен суд, преку судијата Драган Николовски како судија поединец, со записничар Олгица Аполеска, судски работник, постапувајќи по Обвинителниот предлог од ОЈО С. КО.4.бр.461/16 од 07.02.2017 год., против обвинетиот Кристијан Божиновски од С., за кривично дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 од КЗ., по одржана главна расправа во присуство на ЈО Валентина Бислимовска, обвинетиот, неговиот бранител адв.Еленко Миланов, оштетените С.М.2 и В.М. и нивниот полномошник адв.Марјан Гаврилоски, на ден 29.06.2017 год. ја донесе и јавно објави следната

П Р Е С У Д А
-ВРЗ ОСНОВА НА ПРИЗНАНИЕ НА ВИНА-

ОБВИНЕТИОТ КРИСТИЈАН БОЖИНОВСКИ, од татко Н., мајка Е., роден на ... год. во С., каде и живее на ул.„....“ бр...., со ЕМБГ ..., државјанин на РМ, не женет, со завршено средно образование, студент, Македонец, не осудуван, не се водат други постапки

В И Н О В Е Н   Е

ЗАТОА ШТО:

На ден 20.03.2016 год. во 10.05 часот, како учесник во сообраќајот на јавните патишта, управувајќи ПМВ „Н.П.“ ...., по ул.„.....“ во С. во насока од запад кон исток, не се придржувал кон прописите и со тоа го загрозил јавниот сообраќај така што го довел во опасност животот на луѓето, на начин што кога се доближил во зоната на бензинската пумпа „С.О.“, постапил спротивно на чл.25 ст.1 и чл.37 ст.1 од ЗБСП, со тоа што од левата страна од коловозот, гледано во насока на движење на возилото, вршел дејствие на престигнување на НН ТМВ и во завршната фаза на престигнување извршил дејствие на поместување на возилото во лево со неодмерено свртување на управувачот кон лево, без претходно да се увери дека смее да го започне дејствието на престигнување без опасност по другите учесници во сообраќајот, притоа не водејќи сметка за брзината со која се движел од 108 км/ч, која била значително поголема од максимално дозволената од 50 км/ч и според својствата и состојбите на патот – нерамна коловозна површина, па иако бил свесен дека поради неговото сторување може да настапи штетна последица, лекомислено сметал дека ќе може да ја спречи или дека таа нема да настапи, поради што изгубил контрола над управувачот од возилото и со истото излегол надвор од коловозот од лева страна каде со предниот десен страничен дел од возилото удрил во метална врата, потоа со предна десна врата во бетонски столб и на крај во канделабра со заден страничен дел од возилото, а од кои удари сопатникот Т.М., роден .... год., се задобил со опсежни тешки телесни повреди, како на меките ткива, така и на коскурот, кои резултирале со пореметување на функцијата на важните витални органи и настапување на смртен исход кај Т.М., кој починал на лице место.

Со горните дејствија, обвинетиот Кристијан Божиновски сторил кривично дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. ст.1 од КЗ, па согласно овој член и чл.4,32,33,34,35 и 39 од КЗ, судот го

О С У Д У В А
НА КАЗНА ЗАТВОР ОД 9 (ДЕВЕТ) МЕСЕЦИ.

Согласно чл.38-в од КЗ, судот на обвинетиот Кристијан Божиновски му изрекува и

К А З Н А

ЗАБРАНА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО МОТОРНО ВОЗИЛО ОД „Б" КАТЕГОРИЈА во траење од 6 – шест месеци, сметано од денот на правосилноста на пресудата.

Времето поминато во затвор, не се засметува во времето на траење на изречената казна Забрана за управување со моторно возило од „Б" категорија.

Се задолжува обвинетиот да плати судски паушал од 1.000,00 ден., на сметка на самостојни приходи на судот и да ги надомести трошоците на постапката од 85.760,00 ден., како и на законските застапници на починатиот Т.М., неговите родители оштетените С.М.2 и В.М., да им ги надомести трошоците сторени за ангажирање на полномошник адв.Марјан Гаврилоски, во вкупен износ од 35.280,00 ден, а се во рок од 3-три месеци по правосилноста на пресудата, под страв од присилно извршување.

Законските застапници на починатиот Т.М., неговите родители оштетените С.М.2 и В.М., се упатуваат имотно-правното барање да го остваруваат во спор.

О б р а з л о ж е н и е

ОЈО С. до овој суд поднесе Обвинителен предлог КО4.бр.461/16 од 07.02.2017 год. против обвинетиот Кристијан Божиновски од С. за кривично дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 од КЗ.

На главната расправа одржна на ден 29.06.2017 год., откако јавниот обвинител ја изнесе содржината на обвинението, запрашан од судот, обвинетиот Кристијан Божиновски изјави дека се чувствува виновен и го признава кривичното дело што му се става на товар.

Во доказна постапка беа изведени само докази што се однесуваат на кривичната санкција, па беше извршен увид во Потврда од казнена евиденција за обвинетиот кристијан Божиновски, два Извештаи на специјалист – субспецијалист од ЈЗУ УК по хируршки болести „Св.Н.О." – С. од Ургентна амбуланта и Неурохирургија од 20.03.2016 год. и од 10.05.2016 год., Извештај – радиодијагностички наод од ЈЗУ УК по хируршки болести „Св. Н.О." – С., Рентген

амбуланта од 10.05.2016 год., Отпусно писмо од УК по хируршки болести „Св.Н.О.“ – Неврохирургија од 04.04.2016 год., два Извештаи на специјалист – субспецијалист од ПЗУ „Е.“ од 13.06.2016 год. и од 04.07.2016 год. и два Извештаи на специјалистот од ПЗУ „Е.“ од 25.05.2016 год. и од 09.05.2017 год.

Со оглед да обвинетиот ја призна вината, судот не изведуваше докази во правец на утврдување на истата и фактичката состојба од изреката ја смета за утврдена и неспорна, па врз основа на ваква неспорна фактичка состојба, најде дека во дејствијата на обвинетиот Кристијан Божиновски се содржани битните елементи на кривичното дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. ст.1 од КЗ, поради што го огласи виновен.

При одредувањето на видот и одмерување на висината на казната, судот ги ценеше и критериумите и околностите предвидени во Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната (Сл. Весник на РМ бр.199 од 30.12.2014 год.), па како отежителна околност ја ценеше зачестеноста на овие кривични дела, додека пак како олеснителни околности ги ценеше неговата неосудуваност, фактото што против него не се води друга кривична постапка, изрази жалење и каење за стореното кривично дело, а судот особено имаше во предвид што обвинетиот бил многу добар другар со оштетениот – жртвата Т.М., како и тоа што обвинетиот бил повреден од стореното кривично дело, односно истиот шест дена бил во кома, а и имал скршеници, па од тие причини бил хоспитализиран две недели, неговата влошена психичка состојба откако се освестил и ги дознал последиците од стореното кривично дело, обвинетиот е сепак млада личност која во време на сторување на делото имал само ... години, коректно се однесуваше пред судот, а со признанието на вина допринесе кон ефикасно окончување на кривичната постапка. Имајќи ја во предвид категоризацијата на кривичното дело, кое спаѓа во XXIX хоризонтална категорија и во I вертикална колона, со примена на одредбите за ублажување на казната од чл.40 и 41 од КЗ, судот на обвинетиот Кристијан Божиновски, му изрече казна затвор во траење од 9-девет месеци.

Имајќи ги предвид степенот на кривичната одговорност на обвинетиот, тежината на последицата од стореното дело, возилото го управувал по коловоз од гранитна коцка во лоша состојба, со оштетена и нерамна површина, со брзина од 108 км/ч, па во корелација со неговите лични и семејни прилики, судот смета дека и во иднина би можел да претставува опасност по учесниците во сообраќајот и дека целта на казнувањето во конкретниот случај, покрај изречената казна затвор, ќе се оствари само доколку на обвинетиот му изрече и казна Забрана за управување со моторono возило од „Б“ категорија во траење од 6-шест месеци, а согласно чл.38-в од КЗ, со која ќе се изврши воспитно влијание врз обвинетиот во иднина да не се јавува како сторител на вакви и слични кривични дела, а ќе се влијае позитивно и на планот на генералната превенција, поради зачестеноста на овој вид на кривични дела. Времето поминато во затвор, не се засметува во времето на траење на изречената казна Забрана за управување со моторно возило од „Б“ категорија.

Согласно чл.102 и 105 од ЗКП, судот го задолжи обвинетиот со судски паушал од 1.000,00 ден., како и да ги надомести трошоците на постапката од 85.760,00 ден., од кои: 1.500,00 ден. за извршен увид и фотодокументација од МВР, 78.260,00 ден. за извршената обдукција и 6.000,00 ден. за СТ вештачење

од вешто лице В.Г.. Воедно, судот го задолжи обвинетиот да им ги надомести трошоците на законските застапници на починатиот Т.М., неговите родители оштетените С.М.2 и В.М., за ангажирање на полномошник адв.Марјан Гаврилоски во вкупен износ од 35.280,00 ден., од кои по 12.390,00 ден. за присуство на две рочишта на адв.Марјан Гаврилоски од 30.05.2017 год. и од 29.06.2017 год., со засметан 18% ДДВ и 10.500,00 ден. за присуство на едно рочиште од 28.04.2017 год. на адв.Даниела Ивановска со заменичко полномошно, од канцеларијата на адв.Марјан Гаврилоски (без 18% ДДВ).

Согласно чл.114 ст.2 од ЗКП, судот ги упати законските застапници на починатиот Т.М., неговите родители оштетените С.М.и В.М., имотно-правно барање да остваруваат во спор, а по предлог од нивниот полномошник.

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ, XXIII.К.бр.217/17 од 29.06.2017 год.

Записничар, С у д и ј а,
Олгица Аполеска с.р. Драган Николовски
с.р.

ПОУКА: Против пресудата дозволена е жалба во рок од 8 дена од приемот, преку овој суд до Апелациониот суд – С..

Д.Н.: ОЈО С., обвинетиот Кристијан Божиновски, бранителот адв.Еленко Миланов и полномошникот адв.Марјан Гаврилоски.

НАПОМЕНА ЗА ОБВИНЕТИОТ: Трошоците на постапката од 85.760,00 ден., обвинетиот да ги уплати на трансакциона сметка 100000000063095, уплатна сметка 840 xxx 06852, приходна шифра 724153, програма 00, начин 2, примач: Буџет на РМ, банка на примач: Народна банка на РМ.